Врз основа на член 77- а став 1 и 2, член 77 – б, 77 – в, 77- г и 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24) и член 20 -г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), согласно Колективниот договор за културата („Службен весник на РСМ„ бр. 10/20), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје бр. 01-28/1 од 04.02.2021 година и Известување бр.19-7605/2 од 17.07.2025 година и бр. 19-7610/2 од 17.07.2025 година од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, а во врска со Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04-321/1 од 18.07.2025 година, НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 01/2025**
**за вработување на неопределено време**

НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје има потреба од вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги:

1. **КУЛ 0304 А06 001 актер четврта група ... три (3) извршители**
2. **КУЛ 0304 Г03 003 соработник за драмска дејност... еден (1 извршител)**

**Кандидатот треба да ги исполни следните:**
**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
**За работното место:**
1. ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен Драмски уметности (отсек актер) / средно образование;
- работно искуство: до една (1) година во струката; и
- највисок степен на познавање на албанскиот јазик
2. ниво на образование: високо: хуманистички науки и уметности: други хуманистички науки (ликовна уметност, драмски уметности)/ средно образование: гимназија;
- работно искуство: најмалку една (1) година во струката; и
- највисок степен на познавање на албанскиот јазик

**Распоред на работно време:**
- работни денови: според програмата на установата.
- неделно работно време: 40 часа.

**Месечна нето плата:**
**За работното место:**

1. 53.806 денари
2. 43.723 денари

**Рок и начин на поднесување на пријавата за вработување:**
Пријавата за вработување се поднесува најдоцна 15 дена од денот на објавување на огласот.
Образецот на Пријавата за вработување може да се преземе од веб страницата на НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје www.teatri.mk.

Пријавата се доставува во хартиена форма во архивата на НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје секој работен ден од 10.00 – 12.00 часот или преку пошта на адреса ул.Никола Мартиновски бр.41, 1000 Скопје. Кон пријавата се доставуваат докази за исполнување на општите и посебни услови:
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- копија од лична карта;
- лекарско уверение за општа здравствена состојба (не постаро од 6 месеци);
- потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);
- доказ за завршено образование (оригинал или заверена копија на нотар);
- доказ за работно искуство.

**Начинот за спроведување на постапката за селекција:**
Постапката за селекција се состои од административна селекција и аудиција за работното место 1, односно административна селекција и интервју за работното место 2.. Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција се повикуваат на аудиција за проверка на уметничките способности на кандидатот, односно интервју за проверка на компетенциите потребни за објавеното работно место.